Република Србија
Република Северна Македонија
Оваа програма е финансирана од Европската Унија

ШансаЗаТебе

# Е- информативен сет – Отварање на Бизнис и Инвестиции

## Северна Македонија- Србија

KNOWLEDGE CENTER
ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН
ARRA
Centar za razvoj Jablaničkog i Pčinjskog okruga

# Е- информативен сет – Отварање на Бизнис и Инвестиции

## прекуграничниот регион Северна Македонија-Србија

Овој прирачник е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Центарот за управување со знаење од Скопје, Република Србија, Центарот за развој на Скопскиот плански регион, Република Србија, Центарот за развој на областите Јабланица и Пчиња од Лесковац, Србија и на Општина Власотинце, Србија и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија.

## ОСНОВАЊЕ НА КОМПАНИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И СРБИЈА

Основањето на компанија во двете држави може да се изврши: онлајн или пак со физичка посета на релевантната институција.  Во случај на онлајн регистрација, потребно е да се исполнат следниве предуслови:






Сепак, во Република Србија за определени форми на трговски друштва, онлајн регистрацијата е задолжителна.

Во следниот информативен водич ќе направиме споредба околу постапките за основање на правен субјект во Република Северна Македонија и Србија, како и даночните стапки кои се применуваат за одделните правни лица.

Согласно целите на проектот, споредбата ќе се направи за правни субјекти кои не спаѓаат во категоријата на: здруженија, фондации, подружници на странски правни лица и правни лица кои се основаат во слободните трговски зони, индустриски зони кои имаат посебен статус, како и Акционерските друштва.

## ПОСТАПКА ЗА ОСНОВАЊЕ НА БИЗНИС ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Надлежна институција за основање на правен субјект во Македонија е: Централниот регистар на Република Северна Македонија, каде може да се изврши упис за основање на правен субјект.

Чекорите се објаснети подолу:




*Самостојната регистрација може да се изврши електронски или хартиено.*

*Регистрационен агент е трговец поединец или трговско друштво кое е регистрирано за вршење на сметководствена дејност, адвокат и адвокатско друштво кои имаат овластување за поднесување пријава за упис преку Системот за е-регистрација. Регистрациониот агент претставува посредник меѓу клиентот и*

*ЦРРСМ за поднесување на пријава за упис. Листа на регистрациони агенти со чие посредство може да извршите поднесување во ЦРРСМ.*

***Законска регулатива во РС Македонија***

Законот за трговските друштва (ЗТД) е закон каде основниот текст е донесен во 2004 (Службен весник 28/2004, и дополнет 33 пати до 2022 година) се применува на трговецот-поединец, на трговското друштво, на стопанската интересна заедница и на подружницата-организирана од странско трговско друштво, односно од странски трговец-поединец, запишани во трговскиот регистар.

*Трговец поединец (член 12)*

- Трговецот-поединец е физичко лице кое, во вид на занимање, врши некоја од трговските дејности определени со ЗТД.
- Трговецот-поединец *одговара за своите обврски лично и неограничено со сиот свој имот*.
- Како трговец-поединец може да се запише во трговскиот регистар секое деловно способно физичко лице со постојано место на живеење во Република Северна Македонија.
- Својство на трговец-поединец се стекнува со уписот во трговскиот регистар.

Фирмата (назив) на трговецот-поединец ги содржи и неговото лично име, татковото име и презиме како и ознаката ,,ТП". (член 15)

*Трговско друштво (член 19)*

Трговското друштво е правно лице во коешто едно или повеќе лица вложуваат пари, ствари или права во имот што го користат за заедничко работење и заеднички ја делат добивката и загубата од работењето.

Формите на трговско друштва се објаснети во *член 20* од ЗТД
1) јавно трговско друштво;
2) командитно друштво;
3) друштво со ограничена одговорност;
4) акционерско друштво и
5) командитно друштво со акции.

Основачки акт за трговско друштво (член 22)

- Трговското друштво има договор за друштвото, односно статут на друштвото
- Договорот за друштвото се склучува, односно статутот се усвојува во писмена форма. Измените и дополнувањата на договорот за друштвото, односно на статутот се вршат во писмена форма.

Влогови во основната главнина (член 34-35)

- Влоговите што се вложуваат, односно се внесуваат при основањето трговско друштво, односно при зголемување на основна главнина му се ставаат на располагање на друштвото.
- Влоговите можат да се состојат од пари, од ствари (подвижни и недвижни) и права што имаат имотна вредност, коишто можат да се проценат и да се изразат во пари (непаричен влог) или само од пари, само од ствари или само од права.
- Влоговите не можат да им се враќаат на содружниците, освен во определени случаи на ЗТД.
- Во случај на непаричен влог, се проценува од овластен проценител.

Седиште  и промена (член 60 и 61)

- Седиштето на трговското друштво е местото коешто е запишано во трговскиот регистар.
- Промената на седиштето на трговското друштво се запишува во трговскиот регистар.

*Дејности (член 62)*

Може да ги врши сите дејности согласно закон, одредена согласно Националната класификација на дејностите.

*Застапници (член 65-67)*

*Застапник по закон*

Застапник на трговско друштво по закон е физичкото лице коешто со одредбите на овој закон е определено да ја застапува одделната форма на друштвото.

*Застапник по полномоштво (полномошно на друго лице може да даде застапникот-член 66)*

*Полномошник по вработување (член 67)*

Прокура и прокурист (член 68-78)

- Прокурата е трговско полномошно чијашто содржина и обем се определени со ЗТД.
- Прокурата може да се даде на секое деловно способно физичко лице, без разлика на должноста и работите што ги врши, освен ако со изјавата за основање на друштвото од едно лице, со договорот за друштвото, односно со статутот поинаку не е определено.
- Прокурата не може да се даде на правно лице.

*Друштво со ограничена одговорност ДОО (член 166)*

- Друштво со ограничена одговорност е трговско друштво во коешто едно или повеќе физички и правни лица учествуваат со по еден влог во однапред договорената основна главнина на друштвото.
- Влоговите на содружниците можат да бидат со различна големина.
- Содружниците не одговараат за обврските на друштвото

*Основачи на ДОО* (член 167)

- Друштво со ограничена одговорност може да биде основано од едно или повеќе физички и правни лица.
- Друштвото со ограничена одговорност може да има најмногу 50 содружници.
- Ако бројот на содружниците на друштвото го надмине бројот 50, содружниците, односно органите на друштвото мораат да преземат дејствија за усогласување на бројот на содружниците во согласност со ставот (2) од овој член, и тоа во рок од една година од денот кога бројот на содружниците се зголемил над 50. Доколку не се направат усогласувањата од 1 година, содружниците, односно органите на друштвото се должни да преземат дејствија за преобразба на друштвото во акционерско друштво или да спроведат ликвидација на друштвото.

*Фирма (член 169)*

Согласно формата, друштвото со ограничена одговорност мора да ги содржи и зборовите:

- ,,друштво со ограничена одговорност" или ознаката ,,ДОО".
- Кога друштвото има еден содружник фирмата ги содржи зборовите:

,,друштво со ограничена одговорност од едно лице" или ознаката: ,,ДООЕЛ".

- Фирмата на поедноставеното друштво со ограничена одговорност мора да ги

содржи и зборовите: „поедноставено друштво со ограничена одговорност“, или ознаката „ПДОО“.

*Основање на друштвото (член 170)*

Друштвото со ограничена одговорност се основа со договор за друштвото што го склучуваат сите основачи во писмена форма или во електронска форма.

***Компарација***

ДОО

Основна главнина – најмал износ 5000 евра (член 172)

ДООЕЛ

Основна главнина – најмал износ 5000 евра (член 172)

ПДОО

Може да се основа од најмногу 3 лица од кои еден управител (член 170)

Основна главнина – најмал износ 1 евро (член 172-а)

***Права и должности на содружниците (член 184 - 192)***

Секој содружник во друштвото има право:
- да учествува во управувањето со друштвото;
- да учествува во распределбата на добивката;
- да биде информиран за работењето на друштвото;
- да врши увид во книгите и во другите документи на друштвото и
- на дел од остатокот на ликвидационата, односно на стечајната маса.

Содружникот/ците имаат и други права определени со закон како и во договорот за друштвото да определат и други права.

***Управување со друштвото, управител/и, мандат, застапување (член 231 -243)***

Со друштвото управува управител, односно управители, доколку се предвидени повеќе заедно да управуваат со друштвото како орган на управување на начин определен во договорот за друштвото. Составот, организацијата, работата и надлежностите на органот на управување на друштвото се определуваат во договорот за друштвото. За управител може да биде избрано физичко лице кое е деловно способно.

Управителот, неговото овластување за застапување на друштвото и сите промени, без одлагање, се запишуваат во трговскиот регистар.
Друштвото во односите со трети лица го застапува управителот. Ако друштвото има повеќе од еден управител, друштвото го застапуваат сите управители, освен ако со договорот за друштвото поинаку не е определено.

***Надзор (член 244)***

Надзор над работењето на друштвото може да врши надзорен одбор или контролор, а ако во друштвото не е образуван орган на надзор, надзорот го вршат непосредно содружниците, поединечно или заеднички.

***Обврска за водење сметководство (член 469)***

Секој трговец има обврска да води сметководство на начинот определен со СТД и со прописите за сметководство. Министерот за финансии го пропишува начинот на водењето

сметководството со посебни прописи.

*Класифицирање на трговците ( член 470)*

Трговците се класифицираат во големи, средни, мали и микро трговци, во зависност од бројот на вработените, годишниот приход и просечната вредност на вкупните средства по годишните сметки во последните две години (пресметковни години).

| *Белези* | *микро* | *мали* | *средни* | *Големи* |
|---|---|---|---|---|
| *број на вработени* | *До 10* | *До 50* | *До 250* | *Над 250* |
| *годишен приход (евра)* | *До 50,000* | *До 2 милиони* | *До 10 милиони* | *Над 10 милиони* |
| *просечна вредност на вкупните средства по годишните сметки во последните две години (евра)* | */* | *До 2 милиони* | *До 11 милиони* | *Над 11 милиони* |

## Даночни стапки:

***Даночен обврзник (член 4)***

Согласно Законот за данокот на добивка (ЗДД), обврзник на данокот на добивка е правно лице (субјект) - резидент на Република Северна Македонија кој остварува добивка од вршење на дејност во земјата и странство и постојана деловна единица на странско лице за добивката што ја остварува од вршење на дејност на територијата на земјата.

***Даночна стапка (член 2)***

Даночната стапка е 10%.

***Период на оданочување***

Даночниот период за кој се утврдува данокот на добивка, изнесува една календарска година. Доколку даночниот обврзник работел за период пократок од една календарска година, за даночен период, се смета периодот за годината во која работел.

***Пресметување на данокот на добивка***

Пресметувањето на данокот на добивка го врши овластено лице кај даночниот обврзник или лице – даночен советник по овластување од даночниот обврзник.

***Поедноставен даночен режим за трговски друштва (член 31-36)***

Трговските друштва класифицирани како мали и микро трговци се ослободени од обврската за плаќање на данокот на добивка за остварен вкупен приход до 3.000.000 денари.

Трговските друштва кои во текот на годината остваруваат вкупен приход од 3.000.001 до 6.000.000 денари, им се овозможува избор на режимот/моделот на оданочување, така што истите ќе имаат можност да плаќаат данок на вкупен приход во висина од 1%, наместо данок на добивка по стапка од 10% како што предвидува постојното законско решение.

*Предмет на оданочување*

- Предмет на оданочување претставува добивката која што даночните обврзници ја остваруваат од деловни, финансиски и неделовни трансакции.
- Оданочувањето се извршува по истекот на деловната (календарската) година, односно по истекот на периодот за кој даночниот обврзник работел.

*Даночна основа (член 7)*

Даночна основа за пресметување на данокот на добивка претставува оданочивата добивка која се утврдува од сметководствената бруто добивка остварена според прописите за сметководство и сметководствените стандарди (како разлика меѓу вкупните приходи и вкупните расходи), зголемена за непризнаените расходи и помалку искажаните приходи за даночни цели.

*Напомена*: Трговец поединец се оданочува согласно Данокот на личен доход. Членовите 19-37 поодделно го објаснуваат начинот на оданочување, признати и непризнати расходи за даночни цели, паушалното оданочување, водење на деловните книги. Даночната стапка е 10%.

## ПОСТАПКА ЗА ОСНОВАЊЕ НА БИЗНИС ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Надлежна институција за основање на правен субјект во Република Србија е Агенцијата за бизнис регистар (АБР), каде може да се изврши упис за основање на правен субјект. Согласно насоките дадени од АБР, од 17. Мај 2023 година, регистрирањето за основање на трговско друштво како друштво со ограничена одговорност (ДОО), акционерско друштво (АД), командитно друштво (КД) и ортачко друштво (ОД) се регистрираат *исклучиво електронски*.

Пријавата за регистрација за основање на трговско друштво ја поднесува основачот, додека пријавите за регистрација за промени или бришење, по правило, ги поднесува директорот, т.е. правен застапник на друштвото. Во обата случаи, пријавата може да ја поднесе и овластен полномошник.
Процесот на регистрација се врши електронски, за што се потребни предуслови со кои лицето кое ја врши регистрацијата треба да ги исполнува.

Почетен чекор за корисниците кои за првпат пристапуваат на системот, потребно е да направат регистрација на порталот за електронска идентификација: eID.gov.rs. Понатаму, согласно правилата на системот, се пополнуваат потребните регистрациски формулари и документи. Упатствата , заедно со видео упатства се достапни на АБР.

### *Законска регулатива во Република Србија*

Законот за трговските друштва (ЗТД) е закон каде основниот текст е донесен во 2011 година (Службен весник 36/2011, и дополнет 7 пати до 2021 година). ЗТД се применува на ортачко друштво, командитно друштво, друштво со ограничена одговорност и акционерско друштво. Понатаму, во ЗТД се уредува правниот статус на претприемачите (член 1), кои исто така се задолжени да се регистрираат на АБР.

### *Претприемач (членови 83-92)*

*Претприемач е деловно способно лице кое обавува деловна активност со цел остварување на приходи и како такво е регистрирано во регистарот на претприемачи.*

- Претприемачот *одговара за своите обврски лично и неограничено со целиот свој имот (член 85)*.
- Деловниот назив на претприемачот задолжително ги содржи името и презимето на претприемачот, ознака „претприемач“ или „пр“ и место каде е седиштето. Исклучоците и правила околу називите се поблиску објаснети во *член 86* од ЗТД.
- Претприемачот може да врши било кај од дејностите кои се пропишани со закон, вклучувајќи и стари занаети, уметнички занаети, како и домашни занаети.
- Претприемачот може со писмено овластување да именува управител, кој мора да биде вработен кај претприемачот. Доколку претприемачот е отсутен од разни

причини (пример школување), може да го довери работењето на близок член од фамилијата без обврска за вработување.

- Управител има својство на застапник (согласно член 32 од ЗТД) и задолжително се регистрира во регистарот на претприемачи.

*Напомена:* Поднесувањето на регистрациска пријава за основање на Претприемач може да биде самото лице- претприемач, или лице ополномоштено од страна на претприемачот.

***Поим за трговско друштво (член 2)***

Трговско друштво е правно лице кое врши активности со цел за стекнување на добивка.

Правните форми на трговските друштва, како и називите на нивните членови се објаснети во *членовите 8 и 9* од ЗТД, додека називите во член 22.

- **ортачко друштво (јавно трговско друштво на мкд)** – ортаци – кратенка „од“ или „о.д“;
- командитно друштво – комплементари и командитори – кратенка „кд“ или „к.д“;
- **друштво со ограничена одговорност** – членови – кратенка „доо“ или „д.о.о“;
- акционерско друштво – акционери – кратенка „а.д“ или „ад“.

*Основачки акт за трговско друштво (член 11)*

- Основачки акт на трговските друштва се во форма на *одлука* доколку се основаат од едно лице или *договор*, доколку се основаат од повеќе лица. Притоа, заверката на основачкиот акт може да се изврши со писмен или електронски потпис.

*Влогови во основната главнина (член 45-60 )*

- Влоговите што се вложуваат, односно се внесуваат при основањето трговско друштво.
- Влоговите можат да бидат парични и непарични. Непаричните можат да бидат во ствари и права.
- Вредноста на непаричен влог се проценува од овластени судски вештаци, ревизори или стручно лице кое има овластување од страна на државен орган на Република Србија.
- Влоговите не можат да им се враќаат на содружниците, ниту да им се исплати камата на она што го вложиле во друштвото (член 60).

*Седиште и промена (член 19-21)*

- Седиштето на трговското друштво е местото коешто е запишано во основачкиот акт.
- Трговските друштва можат да имаат и посебна адреса за пошта.
- Друштвата се должни да имаат и електронска пошта која се запишува во АБР.

*Дејности (член 4)*

Друштвата имаат претежна дејност, која е регистрирана согласно Законот за трговски регистри ,а може да  ги обавува и сите други дејности кои не се забранети со закон.

***Застапници (член 31-34)***

*Застапник по закон*

Застапник на трговско друштво по закон е физичкото лице коешто со одредбите на овој закон е определено да ја застапува одделната форма на друштвото. Законски застапник може да биде физичко лице или правно лице регистрирано во Република Србија.

*Останати застапници (член 32)*

Застапници на друштвото во смисла на овој член се и лица кои се овластени да го застапуваат друштвото со акт или одлука на надлежниот орган на друштвото и како такви се регистрирани согласно Законот за регистрација на трговски субјекти.

*Полномошник по вработување (член 34)*

Лицата кои како вработени во друштвото работат на задачи чие извршување во редовниот тек на работење на друштвото опфаќа склучување или исполнување на одредени договори, се овластени да ги склучуваат и исполнуваат тие договори како полномошници на друштвото, односно да ги преземат тие правни дејствија во границите на задачите што ги работат без посебно полномошно.

*Прокура и прокурист (член 35-43)*

- Прокурата е трговско полномошно со кое друштвото овластува едно или повеќе физички лица да склучуваат правен промет и да преземаат други правни дејствија во негово и за негово име.
- По исклучок, полномошно може да се издаде само за подружница на друштвото.
- Полномошното е непреносливо и не може да даде полномошно за застапување на друго лице.
- Полномошното може да се даде на секое деловно способно физичко лице, без разлика на должноста и работите што ги врши, освен ако со изјавата за основање на друштвото од едно лице, со договорот за друштвото, односно со статутот поинаку не е определено.
- Прокурата (полномошно) може да биде поединечна или заедничка. Ако прокурата е издадена на две или повеќе лица без назнака дека се работи за заедничка, секој прокурист дејствува самостојно.

***Ортачко друштво (јавно трговско друштво во РС Македонија)  (член 93-124)***

Ортачко друштво е друштво од два или повеќе содружници кои се неограничено солидарно одговорни со целокупниот свој имот за обврските на друштвото. Доколку во основачкиот акт на ортачкото друштво стои одредба за ограничување на одговорност спрема трети лица, таа одредба нема правно дејство.

- Ортачкото друштво во коешто едно или повеќе физички и правни лица учествуваат со влог во однапред договорената основна главнина на друштвото.
- Влоговите на содружниците можат да бидат со различна големина.
- Секој содружник има право на управување согласно редовното работење на друштвото, но исто така, доколку има повеќе содружници, може да се договорат одредени работи да се извршат со согласност на сите содружници, или пак само оние кои се овластени.
- Доколку овластување за управување на друштвото е со повеќе содружници, секој содружник е овластен да постапува самостојно, но управителот може да се спротивстави на одредената работа, со што таа не може да се изврши (член 102).
- Содружник не може слободно да го пренесе својот удел на трето лице. Тоа може да го направи само со согласност на другите содружници. Исто така, важно е да се напомене дека преносот на акции помеѓу содружниците е бесплатен.
- Содружник може доброволно да го напушти друштвото. Важно е оставката да биде писмена, 6 месеци пред крајот на деловната година. Уделот на содружникот кој го напушта друштвото се дели подеднакво на останатите содружници (член 121).

**Основачи на ДОО (член 139)**

- Друштво со ограничена одговорност е друштво во кое еден или повеќе членови на друштвото имаат удели во основната главнина на друштвото, со тоа што членовите на друштвото не одговараат за обврските на друштвото, освен во случаите предвидени во член 18 и член 548 од ЗТД.
- Уделите во друштвото не се хартии од вредност (член 150)
- Друштвата со ограничена одговорност основаат правни и физички лица со вложување на нивните парични или непарични средства за вршење на заедничка дејност и за остварување профит. Придонесите на членовите претставуваат почетен капитал.

*ДОО Основна главнина – најмал износ 100 динара (~1 евро), освен ако не е предвидено со друг закон (член 145)*

***Права на содружниците во однос на уделот (член 152)***

Секој содружник во друштвото има:

- право на глас во собранието;
- право на учество во добивката на друштвото;
- право на учество во ликвидационата маса;
- други права предвидени со овој закон.

***Управување со друштвото (член 198 -236)***

Управувањето со друштвото може да се организира како едностепен или двостепен систем.
Во случај на едностепено управување, органите на компанијата се:
1) собрание;

2) еден или повеќе директори;
Во случај на двостепено управување, органите на компанијата се:
1) собрание;
2) надзорен одбор;
3) еден или повеќе директори.
Во ДОО со еден член, функцијата на собранието ја врши еден член на друштвото.

***Обврска за водење сметководство (Закон за сметководство на Република Србија)***

Претприемачите и трговските друштва имаат обврска да водат сметководство на начинот определен со Закон за сметководство и со прописите за сметководство.

*Класифицирање на правните субјекти ( член 6 од Законот за сметководство)*

Трговците се класифицираат во големи, средни, мали и микро трговци, во зависност од бројот на вработените, годишниот приход и просечната вредност на активата, согласно член 6 од Законот за сметководство.

| *вредности* | *микро и претприемачи** | *мали*** | *средни**** | *големи***** |
|---|---|---|---|---|
| *број на вработени* | *просечен до 10* | *просечен 50* | *До 250* | *Над 250* |
| *годишен приход (евра)* | *до 700,000* | *до 8 милиони* | *до 40 милиони* | *над 40 милиони* |
| *вредност на вкупна актива (евра)* | *350,000* | *до 4 милиони* | *до 20 милиони* | *над 20 милиони* |

* Микро правни лица се оние правни лица и претприемачи кои не ги надминуваат граничните вредности на два од следните критериуми на датумот на билансот на состојба

** Оние правни лица и претприемачи кои на датумот на билансот на состојба ги надминуваат граничните вредности на два критериуми од микро, но не ги надминуваат граничните вредности на два од наведените критериуми, се класифицираат како мали правни субјекти.

*** Како средно големи правни субјекти се класифицираат оние правни лица и претприемачи кои на датумот на билансот ги надминуваат граничните вредности на два критериуми од мали правни субјекти, но не ги надминуваат граничните вредности на два од наведените критериуми.

**** Големите правни субјекти се класифицираат правни лица и претприемачи кои на датумот на билансот на состојба ги надминуваат граничните вредности на двата критериуми од средни.

## Даночни стапки:

***Даночен обврзник (член 1)***

Согласно Законот за данокот на добивка на правни лица на Република Србија (ЗДДПЛ), обврзник на данокот на добивка е  трговско друштво, односно претпријатие, односно друго правно лице кое е основано заради вршење дејност со цел остварување добивка.

***Даночна стапка (член 39)***

Даночната стапка за правни лица изнесува 15%.

***Период на оданочување*** **(член 38)**

Даночниот период за кој се утврдува данокот на добивка, изнесува една календарска година.

***Даночна основа (член 6)***

Даночна основа за пресметување на данокот на добивка претставува оданочивата добивка која се утврдува од сметководствената добивка остварена според прописите за сметководство и сметководствените стандарди.

*Напомена*: Претприемачите, можат да изберат еден од двата начини на утврдување и плаќање даноци и придонеси на приходи од самовработување - паушално оданочување или самооданочување.

Паушално оданочување – е поедноставено, без водење на деловодни книги, каде надлежната организациска единица на Даночната управа според утврдени критериуми, го утврдува износот на данокот што треба да се плати. Со одлука на Даночната управа се утврдува фиксен износ на даноци и придонеси кој се плаќа без оглед на остварениот приход. Претприемачите кои се одлучуваат за паушално оданочување можат да го задржат тој статус се додека нивниот годишен приход не надминува 6,000.000 РС динари (~51,000 евра).

Самооданочување (Закон за данок на доход на граѓаните) – може да се реализира на два начина, каде е задолжително водењето на деловни книги. На првиот начин на самооданочување (без исплата на личен доход) и со вториот начин каде претприемачот сам исплаќа личен доход.

## ПРИЛОЗИ

**База на податоци со следните закони**

- Закон за данок на додадена вредност
- Закон за данок на добивка
- Закон за трговски друштва
- Закон за данок на доход од физички лица
- Закон за данок на добивка на правни лица
- Закон о порезу на доходак грађана
- Закон о порезу на добит правних лица
- Закон о привредним друштвима
- Закон о рачуноводству

**Ексел документ со компаративна пресметка на трошоци за основање на претпријатие во двете земји.**

ШансаЗаТебе

KNOWLEDGE CENTER

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

ARRA

Centar za razvoj Jablaničkog i Pčinjskog okruga